СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен **-излегува по потреба**	**Четврток 09.02.2016 година** **Бр.3 Год.51** **Ресен**	**Уредува** **Стручна служба** **Тел. 047/551-483**

АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

1.

Врз основа на член 86 став 3 и 4 од Законот за општа управна постапка (,,Службен весник на РМ'' бр.38/05,110/08, 51/11) се врши објава во ,,Службен гласник на Општина Ресен'' на следното:

ОДОБРЕНИЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОБЈЕКТ

Број Уп-1-15-63 од 24.10.2013 година по барање на Калајџиевски Михајло од Скопје за издавање на одобрение за отстранување на објект на КП бр.448 во с.Долно Дупени- Ресен.

Горенаведеното Одобрение беше објавено во дневен весник во текот на два последователни дена. За завршување на постапката потребно е по објавување на известувањата во дневен весник истото да се објави во Службен гласник на Општина Ресен.

Врз основа на законски пропишаната постапка:

С Е И З В Е С Т У В А А Т

Се известуваат Темелковски Митрев Коле и Славе сопственици на објектот на КП бр.448 во с.Долно Дупени- Ресен, дека е издадено Одобрение за отстранување на објект со бр.УП-1-15-63 од 24.10.2013 година, по барање на Калајџиевски Михајло од Скопје.

Согласно позитивните законски и подзаконски прописи, заинтересираните странки можат да извршат увид во управната постапка во Одделение за урбанизам и комунални работи.

ОПШТИНА РЕСЕН

Сектор за урбанизам, комунални работи,локален економски развој и прекугранична соработка

2.

Врз основа на член 119 став 2 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“бр.7/2010, 13/2013, 8/15 и 11/15) Градоначалникот на Општина Ресен, донесе

О Д Л У К А
за распишување избори на членови
на Совет на месна заедница и Контролен одбор во с. Избишта

Член 1

Со оваа Одлука се распишува избор на членови на Совет на месна заедница и Контролниот одбор за с. Избишта.

Член 2

Изборите ќе се спроведат на собири на граѓани во месната заедница во с. Избишта во текот на месец Февруари 2016 година**.**

Член 3

Се задолжува Месната заедница с. Избишта да определи време и место за свикување на собирот на граѓаните.

За времето и местото на одржување на собирот должни се да го известат Градоначалникот на Општина Ресен.

Член 4

Собирите на граѓани на кои се врши избор на членови за совети ги водат лица овластени од Градоначалникот на општината.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ресен “.

Бр. 09-321/1
03.02.2016 година
Ресен

Градоначалник
д-р Ѓоко Стрезовски с.р

3.

Врз основа на член 119 став 2 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен"бр.7/2010, 13/2013, 8/15 и 11/15) Градоначалникот на Општина Ресен, донесе

О Д Л У К А
за распишување избори на членови
на Совет на месна заедница и Контролен одбор во с. Долно Перово

Член 1

Со оваа Одлука се распишува избор на членови на Совет на месна заедница и Контролниот одбор за с. Долно Перово.

Член 2

Изборите ќе се спроведат на собири на граѓани во месната заедница во с. Долно Перово во текот на месец Февруари 2016 година**.**

Член 3

Се задолжува Месната заедница с. Долно Перово да определи време и место за свикување на собирот на граѓаните.

За времето и местото на одржување на собирот должни се да го известат Градоначалникот на Општина Ресен.

Член 4

Собирите на граѓани на кои се врши избор на членови за совети ги водат лица овластени од Градоначалникот на општината.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ресен ".

Бр. 09-322/1
03.02.2016 година
Ресен

Градоначалник
д-р Ѓоко Стрезовски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одобрение за отстранување на објект.....стр. 1

2. Одлука за распишување избори на членови на Совет на месна заедница и Контролен одбор во с. Избишта.....стр. 2

3. Одлука за распишување избори на членови на Совет на месна заедница и Контролен одбор во с. Долно Перово.....стр. 3